# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

## Вовед

Добредојдовте на Bizi School. Вашата приватност и доверба ни се од најголема важност.

Оваа Политика за приватност објаснува како ги собираме, користиме, чуваме и заштитуваме вашите лични податоци преку апликацијата Bizi School (во натамошниот текст „Апликација“), наменета за ментори и училишта, која е во сопственост и/или управувана од нас. Со користење на оваа апликација, се согласувате со условите наведени подолу.

## 1. За платформата

Bizi Kids и Bizi School заедно претставуваат интегрирана платформа, која што претставува пазар на вон-наставни активности, како што се часови и други типови на активности за деца. Менторите/училиштата ја користат апликацијата Bizi School како даватели на услуги за објавување и промоција на нивните часови и активности. Соодветно на тоа, родителите ја користат апликацијата Bizi Kids за прегледување и купување на часовите објавени од давателите на услуги во корист на нивните деца.

Двете апликации се достапни за преземање единствено преку официјалните продавници Apple App Store и Google Play Store.

## 2. Видови на собрани податоци

За да ги обезбедиме и подобриме нашите услуги, ги собираме следните видови податоци:

- **Лични податоци кои директно ги внесувате:**
  - **Име и презиме или име на училиштето:** Се користи за креирање на профилот на менторот/училиштето
  - **Адреса:** Им помага на родителите да најдат ментори/училишта блиску до нив
  - **Фотографии:** Качени од ваша страна за подобрување на видливоста и кредибилноста на вашиот профил
  - **Предмети кои ги предавате:** За да се прикаже вашата експертиза и понуди
  - **Распоред на часови:** Им помага на родителите да ги видат и резервираат достапните часови/сесии

- **Автоматски собрани податоци:**
  - **Информации за користење:** Логови за активност, интеракции со апликацијата и преференции за подобрување на вашето корисничко искуство
  - **Технички податоци:** IP адреса, тип на уред и оперативен систем за техничка поддршка и оптимизација на апликацијата

## 3. Начин на користење на информациите

Информациите собрани преку нашата Апликација се користат за различни цели, вклучувајќи:

- **Обезбедување на услуги:** Личните информации се користат за правилно прикажување на профилот на менторот/училиштето, како и за олеснување на организацијата, распоредувањето на часови и потврдата на нарачки.
- **Оптимизација на корисничкото искуство:** Анализирање на податоците за користење на апликацијата за подобрување на нејзината функционалност и обезбедување релевантна содржина.
- **Комуникации:** Користиме податоци за да испратиме е-пораки со информации за нови функции, специјални понуди и промоции кои се релевантни за корисниците.
- **Согласност со законски обврски:** Информациите може да ги користиме и за да ги исполнуваме нашите законски обврски и регулаторни барања.

## 4. Споделување на информации со трети страни

Вашите податоци ги споделуваме само под следниве околности:

- **Со корисниците на Bizi Kids апликацијата:** За да се прикаже вашиот профил, распоредот на часови и други релевантни информации во Bizi Kids апликацијата наменета за родители.
- **Со даватели на услуги:** Како што се процесорите на плаќања, за да се олеснат трансакциите.
- **За правна усогласеност:** Обезбедување на информации во случаи предвидени со закон, регулативи или барања од надлежни органи.

## 5. Заштита на информации

Преземаме сите разумни технички, административни и физички мерки за заштита на вашите податоци од неовластен пристап, губење, уништување или злоупотреба.

## 6. Задржување на податоци

Податоците ги задржуваме само онолку колку што е потребно за исполнување на целите за кои се собрани или за исполнување на законските обврски. Откако информациите повеќе не се потребни, ги бришеме или анонимизираме, согласно нашата политика за задржување на податоци.

## 7. Ваши права

Корисниците имаат право да:

- **Пристап до податоците:** Да добијат информации за тоа кои податоци ги чуваме и како се користат.

- **Исправка на податоците:** Да побараат корекција на неточни информации.
- **Бришење на податоците:** Да побараат бришење на нивните податоци, доколку тоа е во согласност со законските обврски.
- **Ограничување на обработката:** Да ограничат одредени обработки на нивните податоци, особено кога се користат за маркетинг цели.
- **Преносливост на податоците:** Да добијат копија од своите податоци во структурирана, уредна и машински читлива форма.

- **Бришење или деактивирање на профил:** Менторите и училиштата може да побараат бришење или деактивирање на нивните профили преку апликацијата. Сепак, таквите барања ќе бидат обработени само под следниве услови:

  - **Неисполнети обврски:** Бришењето или деактивирањето на профилот е условено од отсуството на закажани часови од страна на родителите преку апликацијата Bizi Kids.

  - **Исполнување на обврските:** Менторите и училиштата се обврзани да ги исполнат сите потврдени обврски пред бришењето или деактивирањето на профилот.

  - **Поднесување на барање:** Барањето за бришење или деактивирање на профилот мора да се поднесе преку апликацијата.

  - **Конечно одобрување:** Го задржуваме правото да ги прегледаме и одобриме барањата за бришење или деактивирање. Ако се идентификуваат неплатени обврски, барањето ќе биде одложено додека тие не се решат.

  - **Чување на податоци по бришење:** По успешно бришење или деактивирање на профилот, можеме да зачуваме одредени лични податоци според законските барања или за легитимни деловни цели.

## 8. Политика за приватност за малолетни лица

Нашата апликација и услуги се наменети за лица постари од 18 години. Не собираме намерно податоци од малолетници. Ако се утврди дека ненамерно сме собиле податоци од лица под 18 години, истите ќе бидат отстранети од нашите бази на податоци.

## 9. Измени на Политиката за приватност

Оваа Политика за приватност може периодично да се ажурира за усогласување со законските регулативи или подобрување на нашите практики.

## 10. Потврда

Со користење на оваа апликација, потврдувате дека сте ја прочитале, разбрале и се согласиле со оваа Политика за приватност.

## 11. Контакт

За било какви прашања, забелешки или барања поврзани со оваа Политика за приватност, ве молиме контактирајте нè на следната адреса: contact@bizi.kids
**Bizi Kids**

„ДЛВ НУКЛЕУС" ООД - Подружница број 1, Скопје

---

Оваа Политика за приватност стапува на сила од 01.01.2025 и останува валидна до следната ажурирана верзија.